РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-419/2
05.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 2. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 3.2.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Зирјета Јаjага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Заменичката на претседателот на Советот, м-Зирјета Јаjага, ја отвори 2. Јавна седница на Советот. Седницата почна во 12:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

### ДНЕВЕН РЕД

1. Образложение од Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ Прилеп, за постапувањето на медиумот во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата.
2. Разно.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, објасни дека оваа седница, согласно Законот, е наменета за образложение од страна на радиодифузерот во врска со причините што довеле до тоа да му биде одземена дозволата. Тој додаде дека на следната седница, кога точката ќе биде разгледување на одземање на дозволата, ќе се даде конкретно образложение за причините поради кои е покрената постапката и зошто се предлага одземање на дозволата. Доколку претставникот на радиодифузерот не е присутен, седницата се затвора. Директорот уште еднаш појасни дека јавните седници се наменети исклучиво за сопственикот или управителот на медиумот, односно за претставник на телевизијата или радиото.

Заменичката на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јајага, информира дека стручната служба го известила претставникот на телевизија „Сонце“ од Прилеп, но тој не се одзвал на поканата да присуствува на јавната седница да даде свое образложение.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**заменик на претседателот на Советот,**

**м-р Зирјета Јајага**